ТОМЕ СЕРАФИМОВСКИ, СКУЛПТОР

# Скулптурата на Мајка Тереза најдраг подарок за Скопје

**Откако се консултирал со сестрите од редот на Мајка Тереза, скулпторот решил да направи нова скулптура - нејзиниот поглед е свртен кон земјата, всушност кон луѓето и кон децата, на кои им го подари целиот свој живот**

Споменикот на Мајка Тереза, подарок од Трифун Костовски и од академикот Томе Серафимовски во донаторскиот проект „За Скопје", ќе биде поставен на 5 септември пред Домот на АРМ. На тој просторот некогаш била Католичката црква, близу родната куќа на Мајка Тереза. Скулптурата се лее во една од најстарите и најпознати леарници „Браќа Јеремиќ" во Белград.

- Македонија нема леарница за такви уметнички зафати. Тоа е единствената причина скулптурата да се лее во Белград. Леарницата „Браќа Јеремиќ" постои повеќе од 100 години, - вели скулпторот Томе Серафимовски.

Скулптурата, бронзена, со височина од 280 сантиментри, ќе биде поставена на гранитен постамент висок 60 сантиметри, а споменикот ќе биде висок 3,5 метри. Серафимовски работел на скулптурата 6 месеци. Вели дека донирал и во други градови надвор од земјава, но како Македонец и жител на Скопје, сепак, најдраг подарок му е токму скулптурата на Мајка Тереза.

- Трифун Костовски ја финансира изработката на споменикот. Тоа изнесува повеќе од 70.000 ГМ. Моја донација е изработката на споменикот, грижата за неговото леење во бронза и монтажата. Сето тоа го правам без никаков авторски надоместок. Скулптурата е наш заеднички подарок за градот Скопје, - вели Серафимовски.

Тој скулптурата ја изработил во две варијанти.

- Првото мое размислување како да ја компонирам скулптурата на Мајка Терза беше позата со ракомолење кон бога и со благ поглед кон небото. Кога ја направив, ги повикав на консултација сестрите од редот на Мајка Тереза. Тие ми сугерираа дека посоодветно на целокупното нејзино живеење и дејствување би било нејзиниот поглед да биде свртен кон земјата, всушност, кон луѓето, кон децата, на кои таа им го подари речиси целиот свој живот. И тогаш направив нова скулптура.



*Скулптурата на Мајка Тереза донација од Трифун Костовски и до академикот Томе Серафимовски*

Тоа е конечната верзија на споменикот, - објаснува Серафимовски.

Мајка Тереза, како што вели Серафимовски, ги афирмираше Скопје и Македонија во целиот свет. Треба да бидеме горди што е родена скопјанка, наша сограѓанка.

- Мајка Тереза за мене значи личност и хуманист. Таа им го подари на човештвото и на беспомошните речиси сиот свој живот. За мене таа е симбол на моралност, на хуманост, на толеранција, на љубов, на уважување и на пожртвуваност. За жал, денес, кога се збогуваме со 20. век, тоа сѐ повеќе му недостига на човештвото, - заклучува Серафимовски.

**Марија Димовска**

ВО РЕСТОРАНОТ „МАТИЦА"